

## Пандов

„Браќа и сестри Македонци, ви благодарам што во олкав број дојдовте да го поддржите овој протест за слобода на политичките затвореници во Република Македонија“, истакна Александар Пандов, претседател на Патриотски Институт „Гоце Делчев“ од пред затворот во Прилеп на протестот за уставобранителите.

Пандов во продолжение ја прочита и донесената Декларација за правда и слобода за политичките осуденици во Македонија донесена од страна на Унија на ветерани на ВМРО-ДПМНЕ и Патриотскиот институт.

„Тргнувајќи од одредбите на Уставот на Република Македонија за суверeноста на државата и суверенитетот кој произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните, потенцирајќи ги темелните вредности на уставниот поредок на Македонија како основните слободи и права на граѓаните, владеење на правото и еднаквоста на граѓаните, посочувајќи ја уставната преамбула и историските одлуки со кои граѓаните на Република Македонија ја конституираа Република Македонија како држава во која се

воспостави и зацврсти владеењето на правото и ќе се гарантираат човековите права и граѓанските слободи, Унијата на ветерани на ВМРО-ДПМНЕ и Патриотскиот институт на ВМРО-ДПМНЕ „Гоце Делчев“ донесе Декларација за правда и слобода за политичките осуденици во Македонија“, појасни Пандов.

Пандов посочи дека констатирајќи ги дека јавно познатите политички обвиненија и лажни сведочења за настаните од 27-ми април 2017-та година на кои се темелат драконски и неправедни судски пресуди Унија на ветерани н а ВМРО-ДПМНЕ и Патриотскиот институт изјавуваат дека борбата за правда и слобода за неправедно осудените ќе продолжи се до исправање на нанесените неправди.

„Под еден, физичкото насилство извршено од неорганизирани поединци го осудуваме, но не на „тероризам“, бидејќи таков објективно и фактички немаше - за разлика од судско обвинителскиот терор со злоупотреба на моќ и монтирани процеси, кој е очигледно за секој чесен и објективен граѓанин на Македонија.

Под два, осудените во овие политички процеси се жигосани без докази за делото за кое се осудени, со цел да се сее страв меѓу граѓаните и да се остваруваат политички цели, а не правда и правдина. Потсетуваме дека луѓето кои физички го овозможија влезот во Собранието на 27-ми април 2017-та година се на слобода истргувана на познат начин, а креаторите на пеколни планови се далеку од познати.

Под три, го потенцираме ставот на бројни и врвни независни еминентни правници во Македонија, но и надвор од неа на реномирани универзитети и државни институции во земјите на ЕУ и пошироко, кои на специфичен начин го коментирале правниот настан и дури и носеле одлуки во врска со истиот, квалификувајќи го како политички, а не како правен процес. Истовремено и најголемите светски демократии во слични и полоши околности од оние на 27-ми април 2017 во Македонија не настапувале со политички конструкти како „тероризам“, туку својот суд го мереле единствено на фактичките докази и на фер и темелна неселективна судска постапка.

Под четири, ги повикуваме последните инстанции во Македонија кои може да донесат правична одлука, да го следат правото и да ги поништат осудителните одлуки на судовите во прв и втор степен, базирани на политички обвинителен акт и врз лажни искази и сведочења, без никакви суштински и вистински докази за непостоечкиот тероризам.

И под пет, Декларацијата ќе се достави до претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија и претставници на меѓународната заедница“, нагласи Пандов.

Пандов образложи дека настаните на 27-ми април пред и по отворањето на вратите на Собранието го промениja текот по кој се движи македонската држава. Применувањето на политичка сила и судско-обвинителскиот терор преку еклатантни монтирани процеси, подигрување со правото и уништување на човечки судбини, потпомогнато од хајките на медиумските лакеи кои „произведуваа и бркаа вештерки“, оставија трајна дамка врз организираноста на државата, многу поголема од физичкото насилство кое никој не го поддржува.

„Оваа декларација има за цел да биде гласот на секој објективен и чесен граѓанин на Република Македонија кој не трпи неправди, ја сака својата држава и се бори секојдневно за почит на нејзиното минато, подобра сегашност и перспектива во иднината“, рече Пандов.

***ВМРО-ДПМНЕ***